## Извадок од предговорот на „Парите се отепувачка“

драма од Ристо Крле

Подцртајте ги глаголите во текстот и анализирајте ги.
Underline the verbs in the text and analyze them.

...

Од почетокот на 1920 година до февруари 1924 година, кога отидов во војска, бев многу активен член на театарската група при КУД „Црни Дрим“. Бев многу загреан и, и за да вникнам во пиесата, ролјите сам ги препишував. Така во мене се роди амбиција дека и јас би можел да напишам драмско дело. Но ми недостигаше инспирација, поправо случај што би ме инспирисал. И тој дојде по завршувањето на кадровскиот рок.

По завршувањето на кадровскиот рок, 12 јули 1925 година, веднаш заминав право во Албанија, каде што останав нешто повеќе од една година, работејќи како чевлар при Коли Клими во Подградец. Летото 1925 година еден селанец од блиското село Аларуп дојде да купува чевли. Мајсторот Коли му понуди убави и здрави чевли и, се разбира, скапи. Но селанецот веднаш нагласи дека бара нешто ефтино – за умрени. Коли го погледна и веднаш констатира дека селанецот е длабоко возбуден и пренесувајќи се и на него болката, се заинтересира: „Млад човек ли е?...“ Аларупецот длабоко воздивна и рече:„Ех... несреќа!...“ И како да сакаше да му олесне, го опиша случајот....

| глагол | вид | време |
| --- | --- | --- |

© 2008 Macedonian Language E-Learning Center